**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ЧЕТИРИНАЕСЕТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 04.08.2022 година

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2022 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Четиринаесеттата седница
на Советот на Општина Гази Баба,
одржана на 04.08.2022 година**

Седницата започна во 10:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Членот на советот кој го заменува Градоначалникот на Општина Гази Баба во случаи на отсуство - м-р Александар Каровски, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Тринаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Тринаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **19 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **19 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Министерство за правда - Управа за извршување на санкциите од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште за Проектен дел 3 Архитектонски проект 1.14.1 Градба 1.14.1, Проектен дел 3 Архитектонски проект 1.14.2 Градба 1.14.2, Проектен дел 3 Архитектонски проект 1.14.3 Градба 1.14.3 и Проектен дел 3 Архитектонски проект 1.14.4 Градба 1.14.4, за градби во состав на одделенија за лица со изречена мерка притвор и придружни содржини на Казнено Поправен дом Идризово.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Министерство за правда - Управа за извршување на санкциите од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште за Проектен дел 3 Архитектонски проект 1.14.1 Градба 1.14.1, Проектен дел 3 Архитектонски проект 1.14.2 Градба 1.14.2, Проектен дел 3 Архитектонски проект 1.14.3 Градба 1.14.3 и Проектен дел 3 Архитектонски проект 1.14.4 Градба 1.14.4, за градби во состав на одделенија за лица со изречена мерка притвор и придружни содржини на Казнено Поправен дом Идризово.**

Претседавачот со седницата на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 04.08.2022 година.

Во расправата учествуваше претставникот од Министерство за правда - Управа за извршување на санкциите - Стоилко Милојески.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување на инвеститорот - Министерство за правда - Управа за извршување на санкциите од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште за Проектен дел 3 Архитектонски проект 1.14.1 Градба 1.14.1, Проектен дел 3 Архитектонски проект 1.14.2 Градба 1.14.2, Проектен дел 3 Архитектонски проект 1.14.3 Градба 1.14.3 и Проектен дел 3 Архитектонски проект 1.14.4 Градба 1.14.4, за градби во состав на одделенија за лица со изречена мерка притвор и придружни содржини на Казнено Поправен дом Идризово, со **19 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Четиринаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **10:20** часот.

**Број 09-4180/2**
**од 30 август 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот